Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 11/1-460/32
09.10.2020 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 15/5 460/32
09 OCT 2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од единаесеттата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 31.08.2020 година | **Време** | 14:00 – 15:50 часот |
| **Бр. на седница** | Единаесетта седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Зоран Мурџев, Љубен Талев, Милан Николовски (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Радосављевиќ, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата одржана на 16.07.2020 година,
2. Подготовка и усвојување на Предлог Препораки за обезбедување бесплатен безжичен интернет пристап на отворени јавни површини во општините, преку јавни WiFi точки,
3. Разно

## БЕЛЕШКИ

Единаесеттата седница која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од десеттата седница, одржана на 16.07.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со **втората точка т.е** подготовка и усвојување на Предлог Препораки за обезбедување бесплатен безжичен интернет пристап на отворени јавни површини во општините, преку јавни WiFi точки, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, истакна дека согласно досегашните разговори и дискусијата со експертите, препораките покрај другото би требало да содржат:

- основот за нивно донесување (НОБП, Законот за електронски комуникации и Законот за основање на ЈП МРД),
- генералните цели кои треба да се постигнат со поставување на јавните бесплатни WIFI точки (поттикнување за користење на бродбендот особено во белите зони и развој на туризмот),
- препораки за избор на локации за јавни бесплатни WIFI точки,
- надлежности во обезбедување на услугата бесплатен пристап до интернет, односно дали пристапот треба да биде децентрализиран (секоја општина да склучува договори со оператори) или централизиран (една државна институција да склучува договори со операторите во сите општини),
- постапка и надлежности во утврдувањето на параметрите на јавните бесплатни WIFI точки, особено за: минимална брзина, гарантиран број на корисници кои истовремено ќе треба да бидат опслужени, временско лимитирано користење, расположливост на јавната wifi точка, итн.

Заменик претседателот на НКБК Анастас Мишев, истакна дека имајќи ја предвид моменталната состојба, го подржува централизираниот пристап. Истото беше прифатено и од членовите Боро Јакимовски, Зоран Дервишов и Славица Настеска .

Славица Настеска истакна дека препораките треба да содржат и процедури за следење на работењето на јавните бесплатни WIFI точки како и статистика и анализа на користењето на јавните бесплатни wifi точки.

Милан Николовски истакна дека тенденцијата треба да биде на општините да им се даде поголема и проактивна улога во целиот процес и тие треба да ги склучуваат договорите со операторите, сепак, во првите 5 год подобро е да има централизиран пристап т.е една институција да ги склучи договорите со операторите а потоа НКБК да предложи дали општината треба да ги преземе сите права и обврски во договорите со операторите.

Во однос на надзорот врз функционирањето на јавните бесплатни WIFI точки, Милан Николовски и Боро Јакимовски истакнаа дека го подржуваат децентрализираниот нечин на надзор т.е општината или било кое лице да има можност да пријави доколку точката не функционира (on-site проверка), а од операторот да се бара да доставува месечен извештај за работењето на WiFi точките.

Членот на НКБК, Сашко Мукаетов, исто го прифаќа децентрализираниот пристап и воедно истакна дека треба да биде јасно наведено кој за што е надлежен во поставувањето на опремата за јавните WiFi точки, одржувањето, како ќе оди процедурата итн.

Во таа насока, сите присутни на состанокот се согласија со предлогот ЈП МРД да ги склучува договорите со операторите во првите 5 год, надоместокот за операторите да биде покриен од Буџетот на државата, а по овој период доколку општината ги има потребните капацитет, истата да ги преземе ингеренциите за јавните WiFi точки.

**За третата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов истакна дека согласно законот, НКБК до крајот на септември треба да го усвои новиот Извештај за работа на НКБК и развојот на бродбенд пазарот.

Во таа насока во најкус можен рок ќе се достави официјален допис до Директорот на АЕК со барање да достават податоци за развојот на бродбенд пазарот во државата.

Записникот го водеше **Владимир Радосављевиќ** ________________

Претседател на НКБК **Димитар Буковалов** ________________